## НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР ЕСЕЈ 2013 – ТЕМА:

## МОЖНОСТИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ПОВРЗАНИ СО ПРОМЕНЛИВОСТА НА РАБОТАТА, РАБОТНОТО МЕСТО ИЛИ ВООПШТО РАБОТНАТА СИЛА

## ПРАВИЛНИК

Во овој правилник, за називот на Македонска Асоцијација за човечки ресурси во текстот ќе биде употребуван терминот Асоцијација.

**Член 1 – Учество**
Учество можат да земат сите професионалци во областа на менаџмент на ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, и сите други кои имаат лидерска позиција во својата организација. Сите кандидати се пријавуваат индивидуално.

**Член 2 – Исклучоци**
Учество не може да земат:

- Членови на Рецезентска комисија за избор на најдобар есеј
- Вработени во Асоцијацијата

**Член 3 – Пријавување**
Заинтересираните кандидати ќе се пријават на следната e-mail адреса contact@mhra.mk со назнака **Избор на Есеј 2013**.
Учесниците ќе добијат писмена (електронска) потврда за добивање на нивниот есеј.

**Член 4 —Насоки за пишување на трудот**

- Должина на Есејот – не подолг од 2000 зборови, македонски јазик;
- Апстракт – не подолг од 250 зборови и да завршува со 3-5 клучни зборови;
- Харвардски стил на цитирање;
- Формат – А4 со маргини од 2,5 cm, освен левата која е потребно да биде поставена на 4 cm;
- Фонт – Times New Roman, големина на текст 12 pt освен насловот кој е потребно да биде 14 pt;
- Насловот и поднасловите да бидат напишани со bold и големи букви;
- Да се користи единичен проред и justified порамнување;
- Нумерирањето на страните да се направи долу десно;
- Есејот да биде организиран на следниот начин:

MACEDONIAN
human resources association

**НАСЛОВ**
(празен ред)
Име ПРЕЗИМЕ (на авторот)
Институција
e-mail адреса
(празен ред)

**АПСТРАКТ**

(Пожелна структура **ВОВЕД, МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ, РЕЗУЛТАТИ, ЗАКЛУЧОК** и **КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**)

**Член 5 – Рецезентска комисијата за избор на најдобар есеј**
Рецезентска комисија за избор на најдобар есеј ќе биде избрана од страна на Комисијата за едукација и тренинг.
Рецезентска комисијата ќе се состои од 3 почесни членови и експерти во областа на Менаџмент на Човечки ресурси, односно 2-ца од академската област и 1 професионалец од бизнис средината.
Членовите на Рецезентска комисијата го добиваат трудот анонимизиран (без да го знаат авторот на трудот туку со код за секој автор).

**Член 6 – Номинации**
Рецезентска комисија секогаш ќе го има во предвид Правилникот на Асоцијацијата, Правилникот за Европска награда за Најдобар Есеј 2013 во процесот на оценување на апликациите.

**Член 7 – Оценување на есеите**
Рецезентската комисијата за избор на најдобар есеј ќе ги оценува сите есеи, според следниве критериуми:
Визија: есејот прикажува интегрирана визија за иднината на професијата менаџмент на човечки ресурси преку јасна анализа на проблемот, односно на специфична тема поврзана со променливоста на работата, работното место или воопшто работната сила и лидерската улога што ја има МЧР во тој правец.
Специфичните теми кон кои треба се осврнат кандидатите се:

- да објаснат како технологијата го промени начинот на кој луѓето ја извршуваат работата и самата природа на работата, и колку таа би можела да влијае на улогата на МЧР во организациите;
- да објаснат како се менува структурата на работната сила, нејзината различност и демографски карактеристики, и што тоа значи за МЧР и воопшто за организациите;

- да се задржат на темите како што се лидерството, довербата и културата како најважните за поддршка на долгорочниот одржлив развој и успех на организациите.

Креативност/оригиналност: есејот ја опфаќа темата со креативност претставена преку сегашните и/или нови алатки за менаџмент на човечки ресурси, методи и/или филозофии. Есејот јасно се издвојува од останати пристапи и се согледува како оригинално дело.
Како предност ќе се сметаат есеите кои ќе вклучуваат и конкретно истражување на ситуацијата. Доколку не се исполнети условите Рецезентска комисија за избор на најдобар есеј има право и да не номинира и/или одбере победник.

**Правила за оценување:**

1. Секој член на Рецезентската комисијата самостојно ги чита сите трудови и ги оценува;
2. Индивидуалните оценки се сумираат и се дава заедничка оценка на секој труд;
3. Заедничката оценка се доставува до авторот на трудот, кој доколку има забелешки и коментари треба да постапи по истите;
4. По добивањето на коригираните верзии, Рецезентската комисија го преоценува трудот (доколку смета дека е потребно);
5. Победник е оној труд кој има најпозитивна оценка по постапувањето по забелешките.

**Член 8 – Доделување на гарантот и комуникација**

Огласот за доставување на есеите од заинтересираните кандидати, ќе биде отворен до **20 мај 2013 година,** по кој следуваат можни забелешки од страна на Рецезентска комисија за избор на есеј, и крајниот рок за прогласување на победникот ќе биде најдоцна до 15 јуни 2013 година.
Рецезентска комисија за избор на најдобар есеј подготвува извештај кој ги содржи критериумите и аргументите поради кој е избран победникот. Извештајот ќе биде претставен на релевантен настан и ќе биде комуницирган до сите членови на Асоцијацијата и објавен на интернет страната на Асоцијацијата и/или во дневен печат.
Рецезентска комисија за избор на најдобар есеј ќе се потруди нивниот извештај, победничкиот есеј и сите други релевантни документи да бидат испратени до координаторот во ЕВРОПСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ – ЕАПМ најдоцна до 15 јуни 2013. Преводот од македонски на англиски јазик на сите потребни документи ќе биде обврска на авторот/победникот на есејот.

**Член 9 – Неотповиклива одлука**

Бидејќи одлуката на Рецезентска комисија за избор на најдобар есеј е неотповиклива, нема можност за промена на одлуката и било каква кореспонденција со националното, интернационалното жири или било кое друго формално тело нема да биде земена во предвид.

**Член 10 – Наградата**

Победникот на национално ниво ќе добие:

- Бесплатно учество и презентација на својот труд на 5-та Меѓународна HR конференција на МАЧР

- 2 бесплатни учества на Работилници во организација на МАЧР по свој избор
- Објава на научниот труд на официјалната веб страница на МАЧР – www.mhra.mk
- Објава на трудот во HR магазинот/списанието издадено од страна на МАЧР

Победникот на национално ниво влегува во изборот за најдобар есеј на европско ниво.
Победникот кој ќе биде прогласен на европско ниво ќе добие покана за претставување на Европската конференција во Манчестер, со покриени трошоци за патување и сместување за една вечер, како и бесплатно учество на самата конференција.
Покрај победникот на европско ниво, ќе бидат пофалени уште *двајца учесници*, кои ќе бидат поканети на Европската конференција, со покриени трошоци за патување, како и бесплатно учество на Конференцијата (без покриени трошоци за сместување).
Сите други учесници кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат поканети и ќе добијат бесплатно учество на Европската конференција, но трошоците за сместување и патување ќе бидат покриени од страна на самите учесници, нивните работодавачи, итн.

Сите учесниците кои ќе партиципираат ќе се информираат за резултатите, а исто така ќе се поканат на некој друг релевантен настан во 2013 во организација на Асоцијацијата, за презентирање на своите трудови.

| **Календар за наградите** | |
|---|---|
| Краен рок за поднесување на есеј | 20 мај 2013 |
| Рецензентски извештај | 01 јуни 2013 |
| Краен рок за избор и прогласување на најдобар есеј (по е-маил, дневен печат или слично) | 15 јуни 2013 |